21896-3

Вечер | 10 страница | 3542
2 НОЕМВРИ 1974 ГОДИНА

САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА НАСО БЕЌАРОВСКИ

# СКУЛПТУРИ ЗА МАКАТА И РАДОСТА



НАСО БЕКАРОВСКИ

**Во изложбените простории на Даут — пашиниот амам при Уметничката галерија во Скопје деновиве е отворена самостојна изложба на скулптури на познатиот ликовен уметник Насо Беќаровски. На изложбата се презентирани вкупно 20 скулптури работени во метал, дрво и во комбинирана техника.**

Вчера во просториите на Даут — пашиниот амам поведовме кус разговор со скулпторот Насо Беќаровски, кој по втор пат самостојно се претставува пред љубителите на ликовната уметност во главниот град на нашата Република.

**— Вие ѝ припаѓате на помладата генерација македонски ликовни уметници. Ваши те творби повеќе од една деценија се присутни во нашето ликовно секојдневие. Кажете ни што претставува за вас скулптура та?**

**— Па, скоро сè! Скулптурата е мојата мисла. Таа е вткаена во моите побуди и пораки; би рекол: таа е историја! Таа е она што сме биле, она што сме и она што ќе бидеме. Таа е во дослух со тагата и радостите, со бесот и болот, со чемерот и грчот, со восхитот и опсенот. Таа е драма и трагедија. Таа соодветствува со доброто денес и со уште подоброто утре. За мене како уметник, скулптурата е медиум за беспределно изразување на сè она што го чувствувам и што го мислам. Скулптурата, без разлика на техниката, е размирена материја на која не ѝ се туѓи и најсуптилните финеси на човечкиот креативен дух.**

**— Кажете ни нешто за вашата тематска преокупација?**

**— Мојата преокупација има две паспоредни компоненти: историјата и секојдневието. Неизмерниот револт против сите црнила на минатото и восхит кон сè што е достоинствено и свето. Глорификација на секоја победа, на секоја придобивка и протест против сè она што е антихумано во светот. Ете, тоа се, главно, интегралните теми на моите творби кои истовремено се однесуваат на човекот, на нашето поднебје и на светот.**

Насо Беќаровски првпат самостојно излагаше во Скопје во 1962 година, а во 1967 година тој самостојно се претстави и во Струмица.

Негови скулптури се застапувани скоро на сите репрезентативни изложби на современата македонска ликовна уметност во земјата и странство. Насо Беќаровски има изведено и пет бисти на паднати борци во Кавадарци, а автор е и на бистата на писателот Антон Панов во Струмица.

Т. Ширилов